Уп. бр. 08-160

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” 208/24 и 16/25), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од страна на „Телеком Србија” акционерско друштво Белград, Република Србија со адреса на улица Таковска бр.2., Белград, Република Србија доставено преку полномошник Огнен Трајковски од Скопје, на седницата одржана на 11.12.2025 година го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се утврдува дека концентрацијата со која „Телеком Србија” акционерско друштво, Белград, со регистрирано седиште на адреса улица Таковска бр.2., Белград, Република Србија, ќе стекне непосредна поединечна контрола врз основниот капитал на ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ТЕЛЕКОМУНИКАЦИИ АЛТЕКО ДОО ПЕТРОВАЦ, со регистрирано седиште на адреса 8 Октобар 22, 12300 Петровац на Млави, Република Србија иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2. Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6 000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11, 84/12, 192/15, 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21) на сметка на Буџетот на Република Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 14.11.2025 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата беше доставено известување за концентрација од страна на „Телеком Србија” акционерско друштво, Белград со регистрирано седиште на адреса улица Таковска бр.2., Белград, Република Србија со која „Телеком Србија” акционерско друштво, Белград ќе стекне непосредна поединечна контрола врз основниот капитал на ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА

ТЕЛЕКОМУНИКАЦИИ АЛТЕКО ДОО ПЕТРОВАЦ, со регистрирано седиште на адреса 8 Октобар 22, 12300 Петровац на Млави, Република Србија.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација и прилозите кон истото го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

„Телеком Србија” акционерско друштво, Белград е оператор за електронски комуникациски услуги и мрежи, регистриран за кабелски телекомуникации, а од услугите што ги дава, ги издвојуваме услугите за фиксна и мобилна телефонија, интернет и мултимедијални услуги на територија на Република Србија.

Поврзано лице на Телеком Србија АД на територијата на Република Северна Македонија е Друштвото за трговија и услуги МТЕЛ ДООЕЛ Скопје, чие седиште е регистрирано на улица „Максим Горки'' 11/1-3, Скопје, Центар, во Република Северна Македонија, регистрирано за дејност жичани комуникации, односно за давање на следните услуги: јавна радио-комуникациска мрежа, широкопојасен пристап на интернет, меѓуоператорски услуги, сателит итн.

Поврзано лице на МТЕЛ ДООЕЛ Скопје [1]е Друштвото за телекомуникации МТЕЛМОБАЈЛ ДООЕЛ Скопје. Друштвото за телекомуникации МТЕЛМОБАЈЛ ДООЕЛ Скопје работи на пазарот за обезбедување на мобилни електронски комуникациски услуги (припејд услуга) и не им нуди на своите крајни корисници постпејд мобилна услуга. Друштвото за телекомуникации МТЕЛМОБАЈЛ ДООЕЛ Скопје е мобилен виртуелен мрежен оператор (МВМО) на македонскиот пазар за електронски комуникации и обезбедува национални, меѓународни и роаминг говорни, СМС и интернет услуги.

Исто така, поврзано лице на Телеком Србија АД на територијата на Република Северна Македонија е Друштвото за трговија и услуги ТОТАЛ ТВ ДОО Скопје, со седиште на Булевар Партизански Одреди бр. 17, 1-001/Скопје-Центар, во Република Северна Македонија, регистрирано за дејност сателитски телекомуникации.

ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ТЕЛЕКОМУНИКАЦИИ АЛТЕКО ДОО ПЕТРОВАЦ е оператор за електронски комуникациски услуги и мрежи, во моментот на поднесување на Известувањето, регистриран за обезбедување пристап до интернет и интернет услуги, дистрибуција на медиумска содржина.

---

[1] Комисијата за заштита на конкуренцијата со решение бр.08-31/2023 од 22.03.2023 година ја одобри концентрацијата со која МТЕЛ ДООЕЛ Скопје со регистрирано седиште на улица Максим Горки бр.11-1/кат 3, 1000 Скопје, ќе стекне контрола над друштвото НЕОТЕЛ ДОО Скопје, со седиште на булевар Кузман Јосифовски-Питу бр.15, 1000 Скопје

ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ТЕЛЕКОМУНИКАЦИИ АЛТЕКО ДОО ПЕТРОВАЦ нема поврзани правни лица на територија на Република Северна Македонија, ниту пак има остварено приходи на таа територија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**М-р Малинка Силјановска Николиќ**